**До:**
[redacted] Делчево

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-222/2
19.8 2021 год.
СКОПЈЕ

**Од:**
Комисија за спречување и заштита од дискриминација
бул. Даме Груев бр. 1
Скопје

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Почитувана, на 19.08.2021 до Комисијата за заштита од дискриминација од Ваша страна е доставена претставка заведена под бр. 0801-222, поднесена во име на [redacted] а е против Министерството за труд и социјална политика (МТСП). Но, после детално разгледувањето на Вашата претставка и списите од Вашиот предмет, Ве информираме дека постапувањето по наведениот предмет не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата нема надлежност да постапува во случаи на извршување на судски одлуки.

Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка, јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе Управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.

Поради сето наведено, Ве известуваме дека а претставката бр. 0801-222 поднесена на 16.08.2021 година СЕ ОТФРЛА поради ненадлежност за постапување на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**Претседателка на**

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје